Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 97, 1 март 2013 година

март 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-уметничката област видови инструменти – виолина и методика на наставата по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Мултикултурализам и интеркултурна комуникација" од проф. д-р Владо Петровски и проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 41

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анимации во туризмот" од авторите д-р Златко Јаковлев и м-р Кристина Ковачевиќ, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 43

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 45

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ – ВИОЛИНА И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 17.10.2012 година донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-уметничката област ***видови инструменти – виолина и методика на настава по гудачки инструменти*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност. На 29.11.2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-186/3 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничката област видови инструменти – виолина и методика на настава по гудачки инструменти (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- проф. м-р Љубиша Кировски, ред. проф. од наставно - научните уметнички области виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти и методика на настава по гудачки инструменти, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- доц. м-р Владимир Костов, доцент од наставно - научните уметнички области виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти, анагжиран на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,член;
- вон. проф. м-р Владимир Лазаревски, вонреден професор од наставно - научните уметнички области обоа и камерна музика, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ за избор на еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 7.11.2012 г. за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно - уметничката област видови инструменти - виолина и методика на наставата по гудачки инструменти се пријавија двајца кандидати: **м-р Владимир Крстев** и **м-р Наташа Диденко.**

Критериумите за избор во сите звање, наведени во Конкурсот, беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот беа следниве:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (за странска диплома нострафикација и еквиваленција на оценки);
- Уверение за положени испити;
- Кратка биографија;

– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови;
– Уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Уверение за положени испити | Кратка биографија | Потврда за странски јазик | Список на трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјан-ство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Владимир Крстев | има | има | има | има | има | има | има |
| М-р Наташа Диденко | има | има | има | има | има | има | има |

***Биографски податоци за м-р Владимир Крстев***

**М-р Владимир Крстев** е роден во Скопје. Дипломира и магистрира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Зоран Димитровски. Има освоено три државни награди и признанија од кои несомнено се издвојува наградата „YAMAHA" во 1998 година за најдобар инструменталист во генерацијата. Владимир Крстев е лауреат на државните натпревари по виолина во 1995 година и камерна музика во 1996 година.

Забележителни се неговите солистички настапи на „Скопско лето", „Штипско лето" и „Охридско лето", настап на „Чукарички денови на музика" во Белград, „Хераклејски вечери", како и како солист со Македонска филхармонија.

Член е на камерниот состав „Мјузик прогресив квартет", со кој настапил во САД, Русија, Австрија, Италија, Луксембург, Бугарија, Србија. Покрај овој состав, членува во ансамбалот „БАХУС" со кој настапува на „Интерфест" - Битола, како и учесник во Оркестарот на Централна европска иницијатива, со кој настапува во Рим, Трст и Будимпешта. Член е и на гудачкиот квартет „Бревис" .

Соработува со Симфонискиот оркестар во Алтенбург - Германија, Камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија, како и со Камерниот оркестар при Македонската филхармонија (настапи во Бугарија, Турција, Шведска, Полска, Франција, Австрија, Португалија).

Како инструменталист реализира повеќе аудиоизданија со ПРОЕКТ ЖЛУСТ (ЛИВЕ ИН КУМАНОВО, ИНКУБАТОР), а учествува и при реализација на саундтрак за филмовите: „Големата вода", „Бал-кан кан", „Како убив светец", „Мајки", „Трето полувреме" и други.

Вработен е како член на Македонската филхармонија и Камерниот оркестар при МФ од 2002 година, а од 2011 година е ангажиран и хонорарно како наставник по предметите Виолина, Виола и Методика на наставата по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Крстев е автор на скрипта со наслов „Методика на настава по дувачки и гудачи инструменти 1", која е во завршна фаза на рецензирање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев"

Во 2012 година, Крстев е дел стручните тимови за изработка на наставни програми по виолина за државните основни и средни музички училишта во Р. Македонија.

М-р Владимир Крстев одлично го владее англискиот јазик.

***Наставно-образовна дејност***

– Од академската 2011/2012 година, м-р Владимир Крстев е анагжиран како наставник – стручњак од пракса по предметите Виолина, Виола и Методика на настава по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност на државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (види табела Наставно-образовна дејност, под реден број 25).

– Крстев е автор на скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Методика на наставата по дувачки и гудачи инструменти 1“ која е во завршна фаза на рецензирање (види табела Наставно-образовна дејност, под реден број 4).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената соодветна документација на м-р Крстев за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, во периодот до денес, во признати домашни и странски концертни сали и на голем број фестивали, реализирал 33 концертни настапи и тоа: солистички и камерни целовечерни рецитали, солистички настапи со оркестар, настапи со камерни состави, како и учество како член на националниот оркестар „Македонска филхармонија“ на повеќе од 200 симфониски концерти. Од сите настапи би ги издвоиле:

***Целовечерен солистички - камерен концерт***
***Во земјава***

1. 20 април 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Младинскиот културен центар – Сала Кино Фросина во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
2. 25 август 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Македонска Каменица на „Каменичко културно лето“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
3. 24 септември 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во црквата „Св.Софија“ во Охрид (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
4. 14 јуни 2011: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на меѓународниот фестивал „Модоарс“ во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
5. 13 јули 2011: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на Фестивалот „Битфест“ во Битола (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
6. 23 ноември 2011: Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на фестивал „Duty free jazz“ во рамките на манифестацијата *Гевгелија – град на културата 2011 година* (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6).

***Во странство***

1. 29 октомври 2009: Целовечерен настап во Виена, Австрија, во реномираниот џез клуб „Порги и Бес“ во рамките на фестивалот „Чекор преку границата“ посветен на македонската музика како член на музичкиот квартет „Мјузик прогресив“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
2. 26 јануари 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Чешкиот културен центар во Софија, Р.Бугарија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
3. 24 мај 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Рим, Италија, во рамките на манифестацијата „Св. Кирил и Методиј“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
4. 26 ноември 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на 9-тиот интернационален џез и блуз фестивал „Геза Балаш Гари“ во Кикинда, Србија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
5. 27 ноември 2010: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во Културниот дом „Параброд”, Белград, Србија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
6. 17 март 2011: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” во „Ensemble studio theater“ во Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);

7. 19 март 2011: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на 26-тиот интернационален фестивал „Balkan nights 2011" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
8. 16 јули 2011: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на Интернационалниот фестивал „Blues' n Jazz Rallue" во Луксембург (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
9. 26 март 2012: Целовечерен камерен заеднички концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во „МЦ галери" во Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
10. 19 март 2012: Целовечерен камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" во „Лилипад" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6);
11. 17 март 2012: Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив" на 27. интернационален фестивал „Balkan nights 2012" во Бостон, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 6).

***Настап на концерт во траење од 20 минути***
***Во земјава***

1. 11 јули 2012: Солист со оркестарот „West coast symphony" на Скопско лето, Скопје – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7);
2. 10 јули 2012: Солист со оркестарот „West coast symphony" на Битфест, Битола – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7);
3. 8 јули 2012: Солист со оркестарот „West coast symphony" на Кочани –Град на културата Кочани 2012 – Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7);
4. 8 јули 2012: Солист со оркестарот „West coast symphony" на Штипско лето, Штип – Македонија. Мкд (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7);
5. 17 мај 2012: Солист со Симфонија концертанте бр. 2 за виолина, обоа, виолончело, фагот и оркестар со Македонска филхармонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7).

***Во странство***

1. 24 мај 2009: Настап во Москва, Руската Федерација во престижниот храм „Христос спасителот" во рамките на фестивалот „Денови на славјанска писменост" како член на музичкиот квартет „Мјузик прогресив" (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 7).

Настап на камерен групен концерт/ Одржано предавање по покана на научна институција

***Во земјава***

1. 6 октомври 2004: Настап со камерното студио „Бахус" на Интерфест, Битола (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
2. 25 октомври 2005: Настап со камерното тудио „Бахус" на фестивалот „Мулти-култи" во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
3. 20 ноември 2005: Настап со камерното студио „Бахус" во МОБ Скопје. (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
4. 22 декември 2006: Настап со камерното студио „Бахус" во МОБ, Концерт на европска музика во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
5. 31 март 2007: Настап на Денови на македонската музика во Музеј на Град Скопје со композиција „Илуминации" на Дарија Андовска (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);

6. 16 ноември 2009: Концертен настап во рамките на концертот посветен на Гоце Коларовски под организација на Дирекцијата за култура и уметност и ФМУ – Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
7. 14 ноември 2010: Настап со камерното студио „Бахус“ на Есенски музички свечености во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
8. 14 декември 2010: Настап со камерното студио „Бахус“ во МКЦ во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8).

***Во странство***

1. 23 март 2012: Камерен заеднички концерт со Дуке Бојаџиев и квартетот „Мјузик прогресив“ во „DROM“ Њујорк, САД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
2. 18 март 2012: Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив“ и Семинар предавање на Музичката академија „Лонџи“ во Бостон, САД. (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8).

***Концерт во земјава и во странство, како дел од Симфониски оркестар:***

м-р Владимир Крстев е вработен во НУ „Македонска филхармонија“ од 2002 г. Во овој периодот зема активно учество како инструменталист на виолина – тути, заменик концертмајстор и водач на секции втори виолини на повеќе од 200 концерти.

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

- Во 2012 година Владимир Крстев е член на експертскиот тим кој ја изготви наставна програма по предметот Виолина за основното и средното музичко образование за територијата на цела Р. Македонија. (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, ред. бр.17).
- Досега, м-р Крстев има освоено три награди и признанија од кои се издвојува наградата „YAMAHA“ во 1998 година за најдобар инструменталист во генерацијата и наградите за виолина и камерна музика на државните музички натпревари во 1995 и 1996 година. (Табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, ред. бр.19).

***Биографски податоци за м-р Наташа Диденко***

**М-р Наташа Диденко** е родена во Скопје. Завршува средно музичко образование во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ во Скопје, во 2006 година. Дипломира на насока Музичар изведувач – виолина на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во 2010 година, и магистрира на истиот факултетот насока Методика на наставата по гудачки инструменти во 2011 година.

Од септември 2010 година предава виолина во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, каде што нејзини ученици освојуваат две втори награди на музички натпревари во Србија и две трети награди на музички натпревари во Македонија.

М-р Наташа Диденко има остварено учество на повеќе семинари како: „Mondiali Antiracism“ во Италија, „Proactive young people on Balkan“ во Бугарија, „Mediation program“ во Охрид, „Proactive young people on Balkan“ во Ниш„Strengthening the young trough schools“ во Маврово и „Општи методски задачи и предлози за нивно решавање со проф.Јова Јорданова“ во Охрид.

М-р Наташа Диденко ги владее албанскиот и англискиот јазик.

***Наставно-образовна дејност***

Од доставената документација констатираме дека од 2010 година м-р Наташа Диденко е ангажирана да предава виолина во средното музичко училиште ДМБУЦ „Илија Николовкси Луј“ во Скопје. Академско работно искуство, кое би се вреднувало во графата Наставно-обаразовна дејност кандидатот нема.

*Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности*

***Целовечерен солистички - камерен концерт***

Во доставениот список на објавени научни и стручни трудови, јавно одржани концерти, се наведени 14 музички јавни соло или камерни настапи. За жал, за истите концерти не се доставени соодветни концертни програми или снимки како доказен материјал што би се вреднувале во оваа графа. Поради оваа причина е невозможно да се вреднуваат овие концерти како стручна уметничка активност.

Настап на камерен групен концерт/ Одржано предавање по покана на научна институција

М-р Диденко има одражано музички работилници за запознавање, усовршување на виолинистичката техника:

***Во земјава***

1. 15 јуни 2010 -19 јуни 2010 во Тетово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
2. 8 септември 2010 – 11 септември 2010 во Тетово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
3. 21 декември 2010 – 23 декември 2010 во Тетово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
4. 3 март 2011 – 6 март 2011 во Тетово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);
5. 12 февруари 2011 - 16 март 2011 во Тетово.

***Во странство***

1. 12 февруари 2011 -16 март 2011 во Косовска Митровица (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
2. 12 јули 2010 -17 јули 2010 во Косовска Митровица (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8);
3. 27 септември 2011 – 30 септември 2011 во Берлин – Германија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности, под ред. бр. 8);

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

М-р Диденко има освоено награди со своите ученици од нижото и средното музичко училиште во земјава и во странство и тоа:

***Во земјава***

1. Скопје – Државен музички натпревар - освоена 3 награда (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, ред. бр.19).
2. Скопје – Државен музички натпревар - освоена 3 награда (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, ред. бр.19).

***Во странство***

1. Белград – Натпревар Коњович – освоена 2 награда (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, ред. бр.19).
2. Аранѓеловац – 5 меѓународен натпрвар – освоена 2 награда (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, ред. бр.19)

## ЗАКЛУЧОК

Од гореизнесеното, сумирајќи ги резултатите на пријавените кандидати за нивното досегашно професионално преставување, несомнено се издвојува кандидатот м-р Владимир Крстев, кој детално ги исполнува сите предвидени услови за избор во звањето насловен доцент, наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно- научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Од увидот во целокупната документација, Рецезентската комисијата констатираше дека м-р Владимир Крстев е со несомнено најголема наставно образовна, концертна активност и награди од натпреварување по виолина.

Исто така, согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот м-р Владимир Крстев во целост ги исполнува критериумите за избор во насловно наставничко звање. Тој покажува способност во наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка, како и стручно-апликативна и организациско-развојната (САОР) дејност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (75 поени), со обезбедување на потребниот минимум во сите три графикони од Правилникот и освојувајќи вкупно (180 поени).

Од друга страна, м-р Наташа Диденко, преку наведените активности, несомнено покажува високоразвиени наставни способности и вештини за извршување на квалитетна наставно-образовна дејност. За жал, поради немањето искуство во наставно образовниот процес на високообразовна институција, како и поради нецелосната документација (концертни програни) за број и местото на одржани концерти настапи, како и необезбедувањето на минимумот поени во табелата за Наставно-образовна дејност и Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (САОР) способност, ние, како Рецензентска комисија, не можеме да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја избере во звањето насловен доцент.

Рецензентската комисија смета дека лицата кои треба да бидат бирани во звање доцент по стручно - уметнички предмети, освен работното искуство за наставна работа на високообразовна институција, треба да покажат и поголема стручно-уметничка концертна дејност. Заедно со концертната дејност, цениме и дека кандидатот треба да приложи објавени книги, скрипти, цд изданија или успеси во признати институции, сали, списанија во земјава и во странство, што за жал во оваа кандидатурата на м-р Наташа Диденко не беше приложено.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере **кандидатот м-р Владимир Крстев во насловно звање доцент за наставно - научната уметничка област** ***виолина и методика на настава по гудачки инструменти*** **на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Љубиша Кировски, редовен професор, с.р.**
**М-р Владимир Костов, доцент, с.р.**
**М-р Владимир Лазаревски, вонреден професор, с.р.**

## ПРИЛОГ
### Табела за вреднување на активностите на м-р Владимир Крстев

| Реден број | **Наставно - образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 4 | Интерна скрипта од предавања | **4** | |
| 25. | Предавања | **40** | |
| | Вкупно поени | **44** од потребни 30 | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (целовечерни солистички концерти) 6 x 3 =18 и 11 x 6 = 66 | **18** | **66** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути) 5x 2 = 10 и 1 x 4 = 4 | **10** | **4** |
| 8 | Одржано предавање по покана на научна институција. Музички настап на официјален концерт (настап на камерен групен концерт) 8x2 =16 и 2X3 =6 | **16** | **6** |
| | Вкупно поени | **120 од потребни 38** | |

| Реден број | **Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 17 | Елаборати и експертизи 2x2 =2 | **2** | |
| 19 | Стручни награди и признанија 3 X 4 =12 | **12** | |
| | Вкупно поени | **14 од потребни 7** | |

**Вкупно 180 од потребни 75 поени**

## ПРИЛОГ
## Табела за вреднување на активностите на м-р Наташа Диденко

| Реден број | **Наставно - образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | Вкупно поени | **0 од потребни 30** | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 8 | Одржано предавање по покана на научна институција.<br>Музички настап на официјален концерт (настап на камерен групен концерт)<br>5x2 =10 и 3X3 =9 | **10** | **9** |
| | Вкупно поени | **19 од потребни 38** | |

| Реден број | **Стручно - апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 17 | Елаборати и експертизи<br>2x2 =2 | **2** | |
| 19 | Стручни награди и признанија 2 X 4 =8<br>и 2X8 =16 | **24** | |
| | Вкупно поени | **26 од потребни 7** | |

**Вкупно 45 од потребни 75 поени**